

# КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# СОДРЖИНА


**ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР** 3

**ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО** 5

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ДРУШТВОТО** 7

**ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ДРУШТВОТО** 9

**ИЗДВОЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ** 10

**ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ЛИЦА** 12

**ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА** 14

**ФИДУЦИЈАРНА ДОЛЖНОСТ** 15

**АСОЦИЈАЦИЈА НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ – АДПФ** 16

ЕКОНОМСКОТО ОКРУЖУВАЊЕ ВО 2025 ГОДИНА И ПРОГНОЗА ЗА 2026 ГОДИНА 17

**ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ** 19

**ПРОДАЖБА** 24

**ПАЗАРНО УЧЕСТВО** 24

**МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ** 25

**ОБУКИ И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ И АГЕНТИТЕ** 27

**ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** 28

**ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ** 28

**ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** 29

КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ 33

ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО 33

ПРИМЕНА НА КОДЕКСОТ ЗА ДОБРО КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО 35

**ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** 36

**УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ** 36

**УСОГЛАСЕНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО СО ПРОПИСИТЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ** 37

**МРЕЖА НА ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ДРУШТВОТО – СОСТОЈБА 31.12.2025** 38

# ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР



Почитувани,

Зад нас е уште една успешна година, година која за нас имаше посебно значење бидејќи одбележавме значаен јубилеј – 20 години од основањето на КБ Прво пензиско друштво.
Пред две децении беа поставени темелите на реформираниот пензиски систем во нашата земја – визија со цел поголема сигурност, стабилност и доверба за сегашните и идните генерации.  Овој јубилеј претставува успешна приказна за досегашното работење и поттик за понатамошни достигнувања и унапредувања на Друштвото.

Како Друштво, длабоко сме свесни за улогата и одговорноста што ја носиме. Затоа, во изминатите дваесет години не бевме само чувари на пензиските заштеди на нашите членови, туку и нивен партнер во планирањето на посигурна финансиска иднина. Преку континуирана едукација, транспарентност и професионален пристап, работевме да ја зајакнеме довербата во пензискиот систем и да ја подигнеме свеста за важноста на долгорочното финансиско планирање.

Изминатата година беше уште една година во која бизнисите се соочија со значајни геополитички настани. Во 2025 година, геополитичките шокови како ескалацијата на трговските тензии меѓу САД и Кина, конфликтот Русија – Украина и засилени од популистичките политики – деглобализацијата и енергетската несигурност, создадоа исклучително сложена бизнис-клима. И во услови на висока инфлација, променливи каматни стапки и останатите економски случувања, изминатата година Друштвото оствари одлични резултати за своите членови.

Со одговорна инвестициска стратегија заснована на внимателно управување со ризици и долгорочен пристап кон инвестициите, постигнавме стабилни приноси за нашите осигуреници во динамична економска и демографска средина и ја потврдивме нашата позиција на пазарот на пензиското осигурување.

# ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Друштвото од своето работење оствари нето-добивка во износ од 254,66 милиони денари, што претставува зголемување за 12,4% во однос на 2024 година. На крајот на годината средствата во управување на задолжителниот пензиски фонд достигнаа 90.929 милиони денари, додека за доброволниот пензиски фонд достигнаа 2.328 милиони денари. Пазарното учество по број на членство изнесува 45,47% кај задолжителниот пензиски фонд, додека кај доброволниот пензиски фонд е 50,90%. Повеќе детали за резултатите од работењето на Друштвото Ви прикажуваме во рамките на овој извештај.*

Како најзначајни проекти и активности кои ги реализираше Друштвото во 2025 година може да се издвојат:

Друштвото го намали надоместокот од придонеси за членовите во задолжителниот пензиски фонд со кој управува, односно почнувајќи од 01.01.2025 година надоместокот изнесува 1,7%, наместо претходноважечкиот 1,8%. Со ова намалување ги намаливме и трошоците на членовите на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје.

Во 2025 година беше формирана Асоцијација  на друштвата за управување со пензиски фондови на Северна Македонија – АДПФ – Скопје во која членуваат три пензиски друштва, меѓу кои и Друштвото. Истата година, новоформираната Асоцијација ја организираше својата прва јавна активност – меѓународна конференција, каде учество зедоа претставници од пензиските друштва во државата, но и други меѓународни стручни лица при што беа разменети конструктивни искуства за работењето и унапредувањето на пензискиот систем. Особена чест ми претставува што бев еден од панелистите на оваа конференција.

Продолживме заеднички со Регулаторот МАПАС и останатите пензиски друштва да бидеме дел од активностите насочени кон заедничка цел – да придонесеме за унапредување на пензискиот систем и зголемување на финансиската писменост на населението.

Во текот на годината останавме посветени и на општественоодговорните активности, поддржувајќи и спонзорирајќи бројни настани од областа на спортот, претприемништвото, финансиската едукација и развојот на заедницата. На овој начин уште еднаш ја потврдивме нашата определба да создаваме вредност не само за нашите членови, туку и за општеството во целина.

Во текот на годината, активно работевме на изработка на повеќе софтверски решенија, со цел креирање на систем којшто ќе биде ефикасен и во најдобар интерес на идните пензионирани членови.

Би сакала да изразам благодарност кон нашите членови за укажаната доверба, кон институциите и партнерите за соработката и кон сите генерации вработени кои со својата посветеност го градеа успехот на КБ Прво пензиско друштво. Искрена благодарност за лојалноста и доверата која ни ја укажуваат години наназад.

Успехот на нашето работење во изминатите години и нашата посветеност на мисијата за обезбедување безбедна и стабилна иднина со почитување на нашите вредности, нè мотивираат да продолжиме и во иднина активно и конструктивно да соработуваме при наоѓањето решенија за предизвиците што ги поставуваат демографските трендови за општеството.

Со истата одговорност, визија и посветеност ќе продолжиме да создаваме вредност за нашите членови и да придонесуваме за посигурна иднина за сите граѓани.

Со почит,

**Весна Стојановска,**

генерален директор и претседател на Управниот одбор на
КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

*Извор: www.mapas.mk и КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО

| | |
|---|---|
| **Назив на Друштвото** | КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје |
| **Скратен назив на Друштвото** | КБ Прво пензиско друштво АД Скопје |
| **Дејност на Друштвото** | Управување со средствата на задолжителниот и доброволниот фонд, нивно претставување пред трети лица и други дејности поврзани со управувањето со задолжителниот и доброволниот пензиски фонд. |
| **ЕМБС на Друштвото** | 5990815 |
| **Даночен број** | 4030005550662 |
| **Адреса** | Ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 6, Скопје |
| **Контакт телефон** | 02 3243 777 и 02 3243 772 |
| **Е-маил** | contact@kbprvo.com.mk |
| **Веб-страница** | www.kbprvo.com.mk |
| **Датуми на издавање на дозволи** | Друштвото е основано и регистрирано на 19 мај 2005 година, согласно Законот за трговски друштва и Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и со дозвола бр.02-470/3 за основање на Друштво за управување со пензиски фондови и одобрение за управување со КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје издадени од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Задолжителниот фонд почна со работа на 31/01/2006 година. |
| | На 20.11.2008 година Агенцијата донесе одлука за издавање на одобрение на Друштвото за управување со задолжителен пензиски фонд со неограничено траење. |
| | На 24.08.2009 година, Друштвото доби дозвола бр. 02-1534/3 за проширување на дејноста – управување со доброволен пензиски фонд. На 04.12.2009 година, Друштвото доби полноважно одобрение за работа во третиот столб бр.02-2158/5 за управување на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје. Доброволниот фонд започна со работа на 21.12.2009 година. |

| ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И НАДЗОР НА ДРУШТВОТО | |
|---|---|
| **Членови на Управен одбор** | 1. **Г-ѓа Весна Стојановска,** претседател и член на Управен одбор – генерален директор<br>2. **Г-дин Иван Стојановиќ,** член на Управен одбор – втор генерален директор |
| **Членови на Надзорен одбор** | 1. **Г-ѓа Аленка Жнидаршич-Крањц,** претседател и член на Надзорниот одбор,<br>2. **Г-дин Јанез Крањц,** член на Надзорниот одбор,<br>3. **Г-ѓа Маја Стевкова-Штериева,** член на Надзорниот одбор,<br>4. **Г-ѓа Анита Бислимовска,** член на Надзорниот одбор,<br>5. **Г-дин Миран Ковач,** независен член на Надзорниот одбор, со мандат заклучно до 06.07.2025 година,<br>6. **Г-дин Рок Папич,** независен член на Надзорниот одбор, со мандат почнувајќи од 07.07.2025<br>7. **Г-ѓа Душица Стевчевска Србиноска,** независен член на Надзорниот одбор |

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО

| ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИОНЕРСКАТА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО | |
|---|---|
| **Компанија со 51% учество во основната главнина на Друштвото, односно 918 акции во вкупна номинална вредност од 918.000,00 евра** | Skupina Prva, zavarovalniski holding d.d. Ljubljana (Prva group, Insurance holding company, plc. Ljubljana)<br>Седиште: Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија |
| **Компанија со 49% учество во основната главнина на Друштвото, односно 882 акции во вкупна номинална вредност од 882.000,00 евра** | Комерцијална банка АД Скопје<br>Седиште: Ул. „Васил Иљоски“ бр. 3, Скопје 1000, Република Северна Македонија |
| **Состојба на основната главнина на Друштвото** | 1,8 милиони евра. |
| **Податок за број на акции** | 1.800 обични акции, со номинален износ од 1.000,00 евра по акција и секоја акција дава право на еден глас. |
| **Назив и седиште на чувар на имот** | Шпаркасе банка АД Скопје<br>Адреса: Ул. „Васил Иљоски“ бр. 14, 1000 Скопје, РС Македонија |
| **Надворешен ревизор на Друштвото за 2025 г.** | Грант тортон ДОО Скопје Седиште: „Св. Кирил и Методиј“ 52б-1/20, 1000 Скопје |
| **Институција која врши супервизија на Друштвото** | Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)<br>Седиште: „Славко Јаневски“ бр. 100, 1000 Скопје, РС Македонија<br>www.mapas.mk<br>тел. 02 3224 229 |



# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ДРУШТВОТО

Во илјади денари

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **ПРИХОДИ ОД УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИТЕ** | **466.437** | **416.642** |
| Приходи од надоместок од придонеси | 143.345 | 135.730 |
| Приходи од надоместок за управување | 323.088 | 280.903 |
| Приходи од надоместок за премин | 4 | 9 |
| **РАСХОДИ ОД УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИТЕ** | **(106.099)** | **(100.725)** |
| Расходи за МАПАС (% од уплатени придонеси) | (57.351) | (52.160) |
| Расходи за чуварот на имот (% од нето средства) | (19.417) | (18.401) |
| Расходи за ФПИОСМ (% од уплатени придонеси) | (8.018) | (7.189) |
| Трошоци за маркетинг | (14.281) | (15.791) |
| Трошоци за агенти | (5.420) | (5.738) |
| Останати трошоци за управување со фондовите | (1.612) | (1.446) |
| **ДОБИВКА ОД УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИТЕ** | **360.338** | **315.917** |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ НА ДРУШТВОТО** | **437** | **205** |
| **РАСХОДИ ОД УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО** | **(109.017)** | **(95.348)** |
| Трошоци за материјали и услуги | (14.980) | (14.136) |
| Амортизација | (5.829) | (4.724) |
| Останати трошоци од работењето | (19.934) | (17.680) |
| Плати, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените | (68.009) | (58.395) |
| Резервирања за трошоци и ризици | (265) | (413) |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ДРУШТВОТО

Во илјади денари

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **49.556** | **37.098** |
| Камати од работењето со поврзани и неповрзани субјекти | 28.198 | 26.164 |
| Курсни разлики од работењето со поврзани и неповрзани субјекти | 12.165 | 4.039 |
| Нереализирани добивки од финансиски средства | 9.072 | 6.640 |
| Реализирани добивки од финансиски средства | 121 | 255 |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **(17.302)** | **(5.308)** |
| Расходи од камати од работење со поврзани и неповрзани субјекти | (150) | (20) |
| Курсни разлики од работењето со поврзани и неповрзани субјекти | (12.165) | (4.053) |
| Нереализирани загуби од финансиски средства | (4.987) | (1.235) |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **284.012** | **252.564** |
| Данок на добивка | (29.356) | (26.003) |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | **254.656** | **226.561** |
| Останата сеопфатна добивка | - | - |
| **ВКУПНА НЕТО СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | **254.656** | **226.561** |

# ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ДРУШТВОТО

Во илјади денари

| ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | 2025 | 2024 | %25/24 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 516.430 | 453.945 | 13,76% |
| Вкупни расходи | 232.417 | 201.381 | 15,41% |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **284.012** | **252.564** | **12,45%** |
| **НЕТО ДОБИВКА** | **254.656** | **226.561** | **12,40%** |
| Вкупни средства | 923.677 | 898.833 | 2,76% |
| **ВКУПНА ГЛАВНИНА** | **883.395** | **855.300** | **3,28%** |
| Вкупни обврски | 40.282 | 43.533 | -7,47% |

| ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Принос на вкупна актива по оданочување (ROA)** | **27,57%** | **25,21%** |
| **Принос на капитал по оданочување (ROE)** | **28,83%** | **26,49%** |

# ИЗДВОЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

## ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Во задолжителниот пензиски фонд бројот на членови заклучно со 31.12.2025 година изнесува 286 625 членови.[1]
Уплатите во годината изнесуваа 8,018 милијарди денари[2], а вкупните исплати од фондот по основ на пензии, трансфери кон Фондот на ПИОСМ, нето-трансфери кон конкуренција и слично изнесуваа 665 милиони денари[3].
Нето-средствата на фондот на 31.12.2025 изнесуваа 90,93 милијарди денари.[4]
Вредноста на сметководствената единица на 31.12.2025 година изнесуваше 303,569101.[5]
Со состојба 31.12.2025 година, најголем дел од средствата на задолжителниот фонд, 63,31% Друштвото ги вложи во домашни државни хартии од вредност, додека 2,71% во странски државни хартии, 0,83% во депозити кај домашни банки, 1,11% во акции на домашни издавачи, 29,67% во инвестициски фондови од странски издавачи (ETF), 0,43% во домашни инвестициски фондови и 1,94% во останати.[6]
Остварениот просечен годишен номинален принос за периодот 31.12.2018 – 31.12.2025 година изнесува 6,39%[7]
Остварен просечен годишен реален принос за периодот 31.12.2018 – 31.12.2025 година изнесува 0,99%[8]

### НАПЛАТУВАН НАДОМЕСТОК ОД ПРИДОНЕСИ[9]

| период | КБ Прво |
|---|---|
| 1.1.2018 – 31.12.2018 | 2,50% |
| 1.1.2019 – 31.12.2019 | 2,25% |
| 1.1.2020 – 31.12.2022 | 2,00% |
| 1.1.2023 – 31.12.2023 | 1,90% |
| 1.1.2024 – 31.12.2024 | 1,80% |
| 1.1.2025 – 31.12.2025 | 1,70% |

### НАПЛАТУВАН МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ВКУПНИ НЕТО СРЕДСТВА НА КБ ПРВ ОТВОРЕН ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД – СКОПЈЕ[10]

| период | КБ Прво |
|---|---|
| 1.1.2017 – 31.12.2018 | 0,035% |
| 1.1.2019 – 31.12.2025 | 0,030% |

### НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕМИН[11]

| | |
|---|---|
| број на денови ≤ 720 | 15 евра |
| број на денови > 720 | не се наплаќа |

### ТРАНСАКЦИОНИ ПРОВИЗИИ[12]

| | Износ во денари |
|---|---|
| Вкупен износ на трансакциски провизии во периодот 31.12.2018- 31.12.2025 | 6.509.856,00 |

Приносот на индивидуалната сметка е променлив и зависи од приносот на задолжителниот пензиски фонд и од надоместоците наплатени од друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд.

[1,4,5,7,8,9,10,11] Извор: Агенција за супервизија – МАПАС
[2,3,6,12] Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

# ИЗДВОЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ

## ЗА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Во доброволниот пензиски фонд бројот на членови заклучно со 31.12.2025 година изнесува 18 297 членови.[1]
Уплатите во годината изнесуваа 291,78 милиони денари[2], додека вкупните исплати од фондот по основ на пензии, наследства и нето-трансфери кон конкуренцијата изнесуваа 112,26 милиони денари.[3]
Нето-средствата на фондот на 31.12.2025 изнесуваа 2,32 милијарди денари.[4]
Вредноста на сметководствената единица на 31.12.2025 година изнесува 245,749635.[5]
Со состојба 31.12.2025 год., најголем дел од средствата на доброволниот фонд, 59,87% Друштвото ги вложи во домашни државни хартии од вредност, додека 4,12% во странски државни хартии од вредност, 2,16% во депозити кај домашни банки, 0,77% во акции на домашни издавачи, 29,30% во инвестициски фондови од странски издавачи (ЕТФ), 2,88% во домашни инвестициски фондови и 0,90% во парични еквиваленти и останато.[6]
Остварениот просечен годишен номинален принос за периодот 31.12.2018 – 31.12.2025 година изнесува 5,97%[7]
Остварен просечен годишен реален принос за периодот 31.12.2018 – 31.12.2025 година изнесува 0,60%[8]



## НАПЛАТУВАН НАДОМЕСТОК ОД ПРИДОНЕСИ[9]

| Период | КБ Прво |
|---|---|
| 31.12.2017 – 31.12.2022 | 2,90% |
| 01.01.2023 – 31.12.2025 | 2,50% |

(или согласно договор за професионална пензиска шема на компанија)

## НАПЛАТУВАН МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ВКУПНИ НЕТО СРЕДСТВА НА КБ ПРВ ОТВОРЕН ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД – СКОПЈЕ[10]

| Период | КБ Прво |
|---|---|
| 01.01.2017 – 31.12.2025 | 0,075% |

## НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕМИН[11]

| | |
|---|---|
| број на денови ≤ 360 | 10 евра |
| број на денови > 360 | не се наплаќа |

| ТРАНСАКЦИСКИ ПРОВИЗИИ[12] | Износ во денари |
|---|---|
| Вкупен износ на трансакциски провизии во периодот 31.12.2018 – 31.12.2025 | 1.311.976,00 |

Приносот на доброволната индивидуална сметка и/или професионална сметка е променлив и зависи од приносот на доброволниот пензиски фонд и од надоместоците наплатени од друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд.

[1,4,5,7,8,9,10,11] Извор: Агенција за супервизија – МАПАС
[2,3,6,12] Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

# ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ЛИЦА

**Салдата и обемот на трансакциите со поврзаните субјекти на 31 декември 2025 година и 2024 година се како што следи:**

Во илјади денари

| ТРОШОЦИ ОД ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Комерцијална банка АД Скопје** | | |
| Трошоци за наем на сеф | 4 | 9 |
| Негативни курсни разлики | 32 | 36 |
| Банкарска и брокерска провизија | 348 | 299 |
| Комерцијални ваучери | 7 | 54 |
| **Вкупни трошоци од Комерцијална банка** | **391** | **398** |
| **Прва Груп** | | |
| Трошоци за префактурирање на услуги за превоз и сместување | - | 199 |
| **Вкупни трошоци од Прва Груп** | **-** | **199** |
| **Прва Живот** | | |
| Трошоци за наем на деловен простор и режиски трошоци | - | 615 |
| Режиски трошоци за наем на деловен простор | 338 | 213 |
| Трошоци за животно осигурување | 87 | - |
| Трошок за камата за МСФИ 16 пресметка | 120 | - |
| **Вкупни трошоци од Прва Живот** | **545** | **828** |
| **Вкупни трошоци од поврзани субјекти** | **936** | **1.425** |

| ПРИХОДИ ОД ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Комерцијална банка АД Скопје** | | |
| Позитивни курсни разлики | - | 1 |
| **Вкупни приходи од поврзани субјекти** | **-** | **1** |

# ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ ЛИЦА

Во илјади денари

| СРЕДСТВА КАЈ ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Комерцијална банка АД Скопје** | | |
| Средства на денарски трансакциски сметки | 823 | 631 |
| Средства на девизни трансакциски сметки | 3 | 3 |
| **Вкупни средства кај Комерцијална банка** | **826** | **634** |
| **Вкупни средства кај поврзани субјекти** | **826** | **634** |

| ОБВРСКИ КАЈ ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Комерцијална банка АД Скопје** | | |
| Обврски за бизнис-картички | 1 | 25 |
| **Вкупни обврски кон Комерцијална банка** | **1** | **25** |

| ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Прва Живот АД Скопје** | | |
| Краткорочни обврски за наем на деловен простор | 705 | 61 |
| Обврски за режиски трошоци | 34 | 23 |
| Долгорочни обврски  за наем на деловен простор | 2.087 | - |
| **Вкупни обврски кон Прва Живот** | **2.826** | **84** |
| **Вкупни обврски кон поврзани субјекти** | **2.827** | 109 |

| ТРОШОЦИ ЗА КЛУЧЕН ПЕРСОНАЛ | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Трошоци за клучен персонал | 13.138 | 11.951 |

Во трошоци за клучен персонал е вклучен бруто-трошок по основ на плати, бонус, регрес за годишен одмор, новогодишен надоместок за членовите на Управниот одбор и бруто-надоместок за членовите на Надзорниот одбор.

# ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА

Промоција на реформираниот пензиски систем на јавноста, преку секојдневните продажни активности, но и преку осмислени и специјално креирани активности и кампањи кон соодветни целни групи;

Одржување на пазарното учество во задолжителниот фонд, и понатамошно зголемување на износот на уплати и нето-средствата на задолжителниот фонд;

Понатамошен раст во продажбата и уплатите на доброволниот фонд, и зголемување на бројот на активни членови и пензиски шеми во доброволниот фонд, со особен фокус кон активирање на поголем број професионални пензиски шеми, со позначаен број членови;

Постигнување диверзификација на продажбата, преку проширување на агентска мрежа, преку зголемување на бројот на агенти од сите постоечки канали, но и едукација и зголемување на ефективноста на постоечката база на агенти;

Одржување на конзервативна и внимателна инвестициска стратегија со големи напори кон постигнување на добар принос, како во задолжителниот фонд така и во доброволниот фонд;

Континуитет во процесот на одговорно инвестирање во управувањето со средствата на двата фонда. Одговорното инвестирање вклучува грижа за околината, општеството и начинот на кој се управуваат компаниите (ESG);

Остварување на долгорочната цел на приносот за одржување на конзервативна и внимателна инвестициска стратегија;

Примена на светски практики за управување со средства;

Квалитетно комуницирање со членовите на фондовите и зголемена дигитализација, со фокус на воведување на нови дигитални процеси и алатки за комуникација со членството;

Одржување на добра и постојана комуникација со регулаторот и Фондот на ПИОСМ;

Зајакнување на корпоративното управување;

Одржување на имиџот за сигурно, доверливо, транспарентно и професионално пензиско друштво;

Вложување во знаењето и вештините на вработените;

Внимателно следење на потенцијалните ризици: оперативни, пазарни и регулаторни;

Внесување на нови алатки за зголемување на продуктивноста на работењето;

Зајакнување на второто ниво на менаџмент и митигација на сите ризици посочени од страна на МАПАС, внатрешниот ревизор, одговорното лице за ризици и Надзорниот одбор.



# ФИДУЦИЈАРНА ДОЛЖНОСТ

Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор и раководните лица во Друштвото имаат фидуцијарна должност да работат единствено во корист на интересите на членовите и пензионираните членови на пензиските фондови. Оваа должност наведените лица и во 2025 година ја спроведоа со примена на високи стандарди на етика и интегритет, и без судир на интереси, така што обезбедуваа нејзина примена од страна на секој вработен и работно ангажиран во Друштвото.

Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор и раководните лица во Друштвото, при управувањето и контролата на инвестирањето на средствата на пензиските фондови применуваа степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.

Имајќи ја предвид својата фидуцијарна должност, Друштвото при извршување на сите инвестициски активности секогаш на прво место ги ставаше интересите на членовите и пензионираните членови на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд со кои управува. Соодветно на тоа, Друштвото ги инвестираше средствата на членовите и пензионираните членови доследно следејќи ги инвестициските стратегии и инвестициските тактики на пензиските фондови, донесени од Управниот одбор, а одобрени од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.

Во текот на 2025 година, глобалните пазари на капитал продолжија со позитивните движења започнати во претходната година, при што повеќето водечки индекси достигнаа нови историски максимуми. Намалувањето на каматните стапки од страна на централните банки и стабилизацијата на инфлацијата придонесоа за зголемена инвестициска активност и подобрена ликвидност на пазарите. Компаниите, особено во технолошкиот и финансискиот сектор, остварија солидни резултати, што дополнително го поддржа растот на цените на акциите. Иако геополитичките ризици и понатаму беа присутни, особено во Русија и Украина и на Блискиот Исток, инвеститорската доверба остана висока поради очекувањата за понатамошно економско заздравување и стабилен глобален раст.

Фондовите со кои управува КБ Прво пензиско друштво АД Скопје остварија приноси околу планираните за 2025 година, пред сè поради растот на странските пазари на капитал и зголемените каматни стапки на обврзничкото портфолио.



# АСОЦИЈАЦИЈА НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ – АДПФ

Во 2025 година беше формирана Асоцијација на друштвата за управување со пензиски фондови на Република Северна Македонија – АДПФ – Скопје во која членуваат три пензиски друштва меѓу кои и Друштвото. Во насока на понатамошно унапредување на дејноста на пензиските друштва и пензискиот систем, трите пензиски друштва – КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Триглав пензиско друштво АД Скопје и Сава пензиско друштво АД Скопје ја формираа оваа Асоцијација, која претставува доброволна, непрофитабилна организација чија мисија е да придонесе за развој, професионализација и поголема транспарентност на пензискиот систем. Минатата година се одбележаа 20 години од реформата на пензискиот систем во Република Северна Македонија и по тој повод, новоформираната Асоцијација ја организираше својата прва јавна активност – меѓународната конференција „Одржлив пензиски систем – две децении прогрес", која се одржа на 12 ноември 2025 година. Конференцијата собра истакнати експерти од домашни институции и меѓународни организации, меѓу кои и високи претставници на надлежните министерства во Владата, кои го поздравија формирањето на Асоцијацијата и ја истакнаа важноста и улогата на капитално финансирано пензиско осигурување за стабилноста и сигурноста на идните пензии. На еден од панелите на Конференцијата обраќање имаше и Весна Стојановска, претседател на Управниот одбор на Друштвото и заменик претседател на Асоцијацијата, која со своето долгогодишно искуство во областа на пензискиот систем зборуваше за петте меѓусебно поврзани предизвици со кои се соочува пензискиот систем во државата, односно за демографските промени и притисокот на пазарот на труд, финансиските дефицити, адекватноста и правичноста на пензиите и неформалната економија со ограничена покриеност.



# Економското окружување во 2025 година и прогноза за 2026 година

Макроекономска состојба во светот и во РС Македонија

## Глобално економско окружување и ризици

Новиот светски шок предизвикан од избувнувањето на конфликтот на Блискиот Исток изврши брзи и директни ефекти врз снабдувањето и цените на нафтата, како и забавување на глобалните синџири на снабдување. Според најновите проекции на ММФ од април 2026 година, растот на светската економија ќе забави од 3,4% во 2025 година на 3,1% во 2026 година, пред благо да закрепне на 3,2% во 2027 година.

Гледано по региони, глобалното забавување е најизразено на Блискиот Исток и Централна Азија, каде што поради воениот конфликт растот драстично паѓа од 3,6% во 2025 година на само 1,9% во 2026 година, со проекција за силно закрепнување на 4,6% во 2027 година. За македонската економија од особено значење се движењата во еврозоната (како главен трговски партнер), каде што растот исто така забавува од 1,4% во 2025 година на 1,1% во 2026 година, пред малото подобрување на 1,2% во 2027 година. Спротивно на овој тренд, економијата на САД покажува поголема отпорност со проектирано забрзување на растот на 2,3% во 2026 година.

Инфлацијата на светско ниво беше релативно стабилна и во првиот квартал од 2026 година. Избувнувањето на конфликтот на Блискиот Исток претставува нов светски шок, кој предизвика брзи и директни ефекти врз снабдувањето и цените на светските пазари на нафта, забавување и поскапување на глобалните синџири на снабдување, како и нарушување на довербата и очекувањата.

Основното сценарио за македонската економија сепак претпоставува поскоро завршување на конфликтот и постепено намалување на цените на енергенсите во втората половина на годината, иако се очекува силен раст на увозните цени во текот на 2026 година.

## Инфлација: глобално и домашно

Глобалната инфлација продолжи да забавува, сведувајќи се на 4,1% во 2025 година (од 5,8% во 2024 година) поради падот на базичната инфлација и цените на храната. Ова овозможи ФЕД и ЕЦБ претпазливо да започнат со намалување на каматните стапки.

Домашните ценовни притисоци исто така ослабнаа под влијание на поумерениот раст на платите и намалената побарувачка на пазарот на труд, иако економските разлики меѓу земјите и натаму се значајни.

Инфлацијата во 2025 година изнесуваше во просек 4,1%, примарно водена од храната и базичната компонента, додека енергенсите бележат пад. И покрај забавувањето кај базичната инфлација, цените на услугите и домашната храна останаа високи, со зголемен придонес кон вкупниот индекс поради специфични локални фактори. Како одговор на овие движења, во текот на годината беа во примена административни мерки за ограничување на цените на одредени производи.

Просечната стапка на инфлација во Македонија за претходната година заврши повисоко од првично очекуваната и изнесуваше 4,1%. Последните проекции на НБРСМ за 2026 година се дека ќе се стабилизира, но релативно побавно, имајќи ги предвид понеповолните надворешни услови и растот на светските цени на енергенсите и храната. Новите оцени упатуваат на повисока инфлација за 2026 и 2027 година, главно заради неповолните ефекти од војната на Блискиот Исток. Така, просечниот годишен раст на цените ќе се сведе на 3% во 2027 година и на 2% на среден рок. Со помалку поволни предвидувања е ММФ според кој просечната годишна инфлација би изнесувала 4,5%.

Инфлацијата во еврозоната во текот на 2025 година се намали на 2,2%, додека нешто повисока беше во САД каде изнесуваше 2,7%. Главни ризици за инфлацијата остануваат неизвесноста во трговските политики, геополитичките тензии и можни нови ценовни шокови на глобално ниво поврзани со цените на енергенсите.

## Монетарна политика и каматни стапки

За да се справи со зголемената неизвесност, Народна банка во првиот квартал од 2026 година ја задржа основната каматна стапка на непроменето ниво од 4,0% и презеде нови мерки во системот на задолжителна резерва (исклучувајќи ги новодоговорените обврски кон нерезиденти во странска валута со рок над две години) за да привлече долгорочен капитал од странство. Сепак, доколку инфлацијата се задржи на повисоко ниво и влијае врз инфлациските очекувања, а ако на девизниот пазар расте побарувачката и во следниот период, Народна банка ќе реагира со зголемување на каматната стапка.

Во 2025 година, Федералните резерви на САД ја намалија референтната каматна стапка за 75 базични поени, завршувајќи ја годината со целен распон на стапката од 3,50% до 3,75% поради намалување на инфлацијата и забавување на економскиот раст. Европската централна банка исто така ги намали каматните

стапки, при што основната стапка падна за 100 базични поени, а депозитната стапка се сведе на 2,00% до крајот на годината, како одговор на умерената инфлација и послабиот раст во еврозоната. Двете централни банки најавија внимателен пристап за идните монетарни одлуки. Зголемените инфлациски притисоци на глобално ниво се причина поради која се запре олеснувањето на монетарната политика, при што повторно се јавува можност од потреба за затегнување и зголемување на каматните стапки.

## Домашна економска активност (БДП)

Според НБРСМ, домашната економија покажа одредена отпорност на случувањата и високата неизвесност во светот. Така, и покрај продолжената геополитичка нестабилност и нагласената неизвесност од променливите трговски политики во светски рамки, реалниот раст на БДП во 2025 година забрза и достигна 3,5% (3% во 2024 година), поддржан од натамошниот силен раст на градежната активност, солидниот раст на расположливиот доход, засилената кредитна активност, како и од натамошниот раст на извозната побарувачка. Економската активност се одвиваше во услови на натамошна, но поумерена, фискална консолидација и претпазлива монетарна политика.

Во однос на 2026 година, според најновите макроекономски проекции на НБРСМ, се очекува реалниот раст на БДП да изнесува околу 3,5%, при што во 2027 година растот би забрзал на 3,8%. Растот и натаму би бил поттикнат главно од инвестициите, особено јавните инфраструктурни проекти, како и од постепеното закрепнување на надворешната побарувачка. Истовремено, проекциите се базираат на умерено сценарио со претпоставка за постепено смирување на надворешните шокови; ризиците остануваат поврзани со геополитичките тензии, цените на енергенсите и неизвесноста во трговските политики, што може да влијае врз извозот и довербата.

## Девизни резерви и девизен курс

Девизните резерви се задржаа во сигурна зона, обезбедувајќи стабилност на девизниот курс. И покрај нето-одливите заради потребите на државата, адекватноста е потврдена преку нето-откупот на девизи од страна на Народна банка. Управувањето со девизните резерви во текот на 2025 година се одликуваше со претпазливо зголемување на вложувањата во должнички хартии од вредност.

## Надворешен сектор (надворешнотрговска размена)

Според податоците за надворешнотрговската размена, трговскиот дефицит повторно бележи зголемување на годишна основа, и тоа за 7,8%, како резултат на побрзиот раст на увозот во однос на извозот на стоки. Сепак, во релативни показатели, размената во салдото на стоки со странство е речиси непроменета и изнесува 20,9% од БДП.

Во 2026 година, според најновите проекции на НБРСМ, надворешната позиција на економијата се оценува како понеповолна на краток рок, при што дефицитот на тековната сметка се очекува да изнесува околу 5,7% од БДП, под влијание на повисокиот увоз на енергенси и засилените инвестициски активности. На среден рок се очекува постепено намалување на дефицитот, при стабилни финансиски приливи (особено странски директни инвестиции и долгорочно задолжување), коишто ќе обезбедат финансирање и натамошно одржување на соодветно ниво на девизните резерви.

## Финансиски сектор (банкарски систем)

Банкарскиот систем остана стабилен и добро капитализиран, со стапка на адекватност на капиталот од 19,4%, историски ниска стапка на нефункционални кредити од 2,0%, раст на депозитите од 10% и раст на кредитите од 13% во 2025 година, иако ММФ предупредува дека забрзаното кредитирање и изложеноста кон пазарот на недвижности бараат натамошна супервизорска внимателност во 2026 година. Според НБРСМ, кредитната активност се очекува да продолжи да расте до крајот на годината, но побавно, во услови на понеизвесно окружување, но и како ефект од преземените макропрудентни мерки. Се очекува дека кредитниот раст ќе се сведе на 9,3% на крајот на 2026 година.

Извори: ММФ, НБРСМ

# ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ

Управниот одбор на своите седници донесуваше одлуки за инвестирање на средствата на пензиските фондови, врз основа на кои се инвестираа овие средства.
Секторот за управување со средства остана доследен на својата фидуцијарна должност, осигурувајќи дека секоја инвестициона одлука се носи со највисоко ниво на професионална грижа и во најдобар интерес на клиентите.
Главен приоритет е зачувување и зголемување на вредноста на нивните средства преку темелна анализа на пазарните услови, следење на глобалните економски трендови и навремено препознавање на нови инвестициски можности во различни класи на средства.
Друштвото применува дисциплиниран и структуриран пристап кон инвестирањето, прилагоден на ризичниот профил на нашите клиенти и во рамки на регулативата. Преку внимателно балансирани портфолија и ефективно управување со ризикот, Друштвото се стреми да постигне оптимални приноси, обезбедувајќи стабилност и долгорочна одржливост преку континуирано следење и интеграција на најсовремените практики и технологии во работењето, како одговорното инвестирање (ЕСГ-принципи), употребата на вештачка интелигенција, роботика и други иновативни трендови кои имаат значително влијание врз финансиските пазари.
Во текот на 2025 година, редовно се анализираа тековните случувања на пазарите и потенцијалните фактори што можат да влијаат врз нивните идни движења. Посебен акцент беше ставен на монетарната и фискалната политика, динамиката на инфлацијата, геополитичките тензии и влијанието на новите глобални трендови врз приносите и управувањето со ризикот. Во сите активности и анализи, интересите на членовите останаа врвен приоритет.

Во 2025 година немаше промени во составот и бројот на членови на Инвестицискиот одбор на Друштвото. На состаноците беше дискутирано за тековните случувања на пазарите, како и за информациите кои можат да имаат влијание на идните движења на финансиските пазари. Како краен резултат, а врз основа на детална анализа на движењата и состојбите на финансискиот пазар и анализа на финансиските инструменти, беа давани предлози во насока на заштита на портфолиото и остварување на раст од инвестирање на истото.



# ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ

## Структура на портфолио на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд со состојба на 31.12.2025 година

### Структура на портфолио според групи на финансиски инструменти:



- Домашни државни обврзници **63,31 %**
- Депозити во домашни банки **0,83 %**
- Парични средства **0,24 %**
- Удели во странски инвестициски фондови **29,67 %**
- Удели во домашни инвестициски фондови **0,43 %**
- Побарувања **1,70 %**
- Домашни акции **1,11 %**
- Странски државни обврзници **2,71 %**

### Структура на портфолио според држави:



- РС Македонија **67,23 %**
- САД **19,24 %**
- Јапонија **1,96 %**
- Романија **1,38 %**
- Обединето Кралство **1,29 %**
- Швајцарија **1,08 %**
- Германија **0,91 %**
- Франција **0,87 %**
- Холандија **0,55 %**
- Австралија **0,50 %**
- Останати **4,99 %**

# ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ

**Движење на нето-средствата и сметководствената единица на задолжителниот пензиски фонд во текот на 2025 година**

ВРЕДНОСТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНА ЕДИНИЦА
КБ ПРВ ОТВОРЕН ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД - СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 31.12.2018 - 31.12.2025**




**извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

# ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ

## Структура на портфолио на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд со состојба на 31.12.2025 година

### Структура на портфолио според групи на финансиски инструменти:



- Домашни државни обврзници **59,87%**
- Удели во странски инвестициски фондови **29,30%**
- Депозити во домашни банки **2,16%**
- Странски државни обврзници **4,12%**
- Домашни акции **0,77%**
- Парични средства **0,88%**
- Удели во домашни инвестициски фондови **2,88%**
- Побарувања **0,01%**

### Структура на портфолио според држави:



- РС Македонија **63,94%**
- САД **20,14%**
- Романија **2,80%**
- Јапонија **2,13%**
- Обединето Кралство **1,33%**
- Швајцарија **1,15%**
- Франција **0,97%**
- Германија **0,96%**
- Холандија **0,61%**
- Тајван **0,54%**
- Австралија **0,52%**
- Кина **0,55%**
- Останати **4,36%**

# ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ

**Движење на нето-средствата и сметководствената единица на доброволниот фонд во текот на 2025 година**

ВРЕДНОСТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНА ЕДИНИЦА
КБ ПРВ ОТВОРЕН ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД - СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 31.12.2018 - 31.12.2025**




**извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

# ПРОДАЖБА

Во текот на 2025 година членството во задолжителниот пензиски фонд порасна за 5 340 членови, со што заклучно 31.12.2025 година е задржана успешната позиција во број на членови со пазарно учество од 45,47% во годината. Во делот на доброволниот пензиски фонд и покрај бројните предизвици, износот на уплати беше на највисоко ниво во однос на претходните години, а воедно и над планираните, а бројот на членови беше зголемен за нови 670 члена.



# ПАЗАРНО УЧЕСТВО

## ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

| | |
|---|---|
| **Број на членови и времено распределени лица заклучно со 31.12.2025 година[1]** | **45,47%** |
| **Големина на нето-средства во фондот[2]** | **48,28%** |

## ЗА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

| | |
|---|---|
| **Број на членови (заклучно со 31.12.2025 година)[3]** | **50,90%** |
| **Големина на нето-средства во фондот[4]** | **46,05%** |

[1,2,3,4] Извор на податоци: МАПАС и КБ Прво пензиско друштво АД Скопје.

# МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Во текот на 2025 година, континуирано реализиравме активности насочени кон информирање на општата популација за придобивките од реформираниот пензиски систем во Република Северна Македонија, со посебен акцент на финансиската едукација на младите и навременото информирање на членовите за нивните права и обврски. Овие активности придонесоа за поттикнување на информирано донесување одлуки и унапредување на личната финансиска сигурност и пензиската заштеда. Дополнително, 2025 година беше обележана и дваесетгодишнината од реформираниот пензиски систем, како и на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје.

Како општествено одговорна компанија, и оваа година бевме поддржувачи на повеќе значајни настани од различни области, при што покрај финансиската поддршка, активно придонесовме и во унапредување на финансиската едукација и приближување на придобивките од реформата до тековните и потенцијалните членови:

Се јавивме во улога на поддржувач на 30. Свечено годишно собрание на здружението кое слави јубилеј АЦИ Македонија – Здружение на финансиски пазари. Настанот се одржа во месец мај во Охрид и за време на истиот беше поставен и промотивен штанд на Друштвото.

Бевме поддржувачи и на 4. Фестивал на инклузија за афирмација на правата на лицата со попреченост. Настанот се одржа на неколку локации во Скопје во месец јуни.

Со донација ја поддржавме и амбасадата на Република Словенија за спроведување на активности за Денот на државноста на 18 јуни, 2025 година, како и промоција на Република Словенија на други настани.

Во месец септември во Охрид се одржа 24. годишна конференција на Македонска берза. За време на истата свое учество во панел дискусија, посветена на мултифондовите, имаше Горан Мартиноски, раководител на Секторот за управување со средствата. На овој настан беше поставен и промотивен штанд на Друштвото.

Ја продолживме и соработката со СтартАп Македонија со поддршка на два настани, СтартапВикенд Охрид и Глобалната недела на претприемништво. За време на овој настан, во Технолошкиот парк N99, ФОН, свое обраќање имаше Иван Стојановиќ, член на Управен одбор на КБ Прво, воедно беше поставен и штанд на Друштвото.

Ја продолживме соработката и со пливачот Никола Ѓуретановиќ, како и спелеонуркачки клуб Врело – Скопје, за реализација на проект кој имаше за цел да се постигне нов рекорд во пештерското нуркање во пештерата Врело, Матка, во РСМ, да се прошири истражувањето во пештерата, со означување на досега неоткриени дестинации во самата пештера.

Преку кампањата „Замени и засади“, Друштвото континуирано ги поттикнува членовите навремено да ги ажурираат своите податоци и да ги користат електронските сервиси за комуникација и информирање, вклучително и електронска достава на годишниот извештај. На овој начин се обезбедува поефикасна и навремена информираност, се намалува употребата на хартија и се придонесува за заштита на животната средина. Во таа насока, годинава по петти пат беше реализирана акција за пошумување во рамки на кампањата, со што дополнително се збогати планинскиот масив Јасен – Козјак во планинскиот центар „Гризли“.

# МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Во соработка со регулаторот МАПАС и останатите пензиски друштва, активно учествувавме во кампањи за унапредување на финансиската писменост и подигнување на свесноста за реформираниот пензиски систем. Во текот на годината ја одбележавме Глобалната недела на парите, како и Денот на пензиска свесност преку учество на повеќе настани организирани од страна на МАПАС.

Во текот на годината, во соработка со Сава и Триглав пензиско друштво АД Скопје, а со поддршка од МАПАС, беше реализирана кампањата „Засади желба 5.0", насочена кон информирање и едукација на членовите и пошироката јавност за капитално финансираното пензиско осигурување, како и за индивидуалните и доброволните сметки. Преку оваа кампања се придонесува за унапредување на пензиската свесност и информираност за реформата, како и за правата и обврските на членовите.

Изминатата година, во рамки на односите со јавноста, бевме активно присутни на дигиталните канали преку објавување ПР содржини, реализирање интервјуа и креирање едукативни блог-текстови, како и со интерактивна, едукативна и информативна содржина наменета за соодветната таргет-група. Преку континуирана комуникација со медиумите и дигиталните платформи, придонесовме за зголемена јавна видливост и градење позитивен имиџ. Како едни од позначајните интервјуа кои се спроведоа во текот на годината може да ги издвоиме следните:

Во издание на бизнис-магазинот „Економија и бизнис" беше објавено мега-интервју на Весна Стојановска, претседател на Управниот одбор на Друштвото, која говореше за пензиската реформа во државата и можностите за унапредување на пензискиот систем, за финансиската едукација на граѓаните за инвестирање во пензиските фондови, ESG- инвестирање, како и за предизвиците со кои се соочува Друштвото во дводеценискиот период на постоење.

Во интервју објавено во епизода на Finsight, Иван Стојановиќ, член на Управниот одбор на Друштвото, говореше за промената во перцепцијата на граѓаните на пензискиот систем во земјата по изминати дваесет години од постоењето на капитално финансираното пензиско осигурување и од фунционирањето на КБ Прво пензиско друштво.

Во делот на маркетинг Друштвото редовно и навремено ги реализираше сите активности поврзани со потребните регулаторни должности, навремено печатење на годишни извештаи, објавување резултати и материјали за други релевантни настани, со цел обезбедување на членовите со транспарентен и лесен пристап до сите значајни податоци.



# ОБУКИ И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ И АГЕНТИТЕ

Друштвото изготви План-програма за стручно оспособување и усовршување на вработените со цел да обезбеди професионален развој и унапредување на управувачката и оперативната компетентност. Ова директно придонесува за повисоко ниво на стручност и ефикасност во управувањето со пензиските фондови, обезбедувајќи поголема сигурност и стабилност за членовите.

Во текот на 2025 година, вработените активно учествуваа на различни екстерни обуки, семинари и конференции во земјата и во странство. Овие активности им овозможија да стекнат напредни знаења и вештини, кои директно се применуваат во процесот на управување на организационите единици на Друштвото.

Како позначајни ги издвојуваме следните обуки, кои резултираа со зголемена способност за идентификување и искористување на поволности на финансиските пазари, подобрување на процесите на донесување одлуки и зголемување на транспарентноста во управувањето, а како резултат на ова, за членовите со највисоко ниво на професионалност и посветеност се спроведува одговорно управување со нивните сметки:

- IPE Conference and Awards 2025 која се одржа во Севиља, Шпанија, на која учествуваа членовите на Управниот одбор.
- Конференција „Fixed Income Leaders Summit (FILS)“ која се одржа во Амстердам, Холандија, на која учествуваа вработените од Секторот за управување со средства и Секторот за управување со ризици.
- The Central and Eastern European Forum 2025 кој се одржа во Виена, Австрија, на кој присуствуваа претставници на Секторот за управување со средства.
- МСФИ 17 – Договори за осигурување, во организација на Центар за финансиско известување во рамки на проектот за подобрување на институционалниот капацитет за финансиско известување и известување за одржливост на Светската банка, а како резултат на позитивно одговорено барање од Агенцијата за супервизија на осигурување, на која учествуваше актуарот на Друштвото.
- Хрватска актуарска конференција „Sva lica suvremenih rizika“, на која присуствуваше актуарот на Друштвото.
- Mitigating Complex Sanctions Risks in North Macedonia (Намалување на сложените ризици од санкции во Северна Македонија), организирана од Financial Services Volunteer Corps (FSVC), the U.S. Department of State, U.S. Embassy North Macedonia.
- Меѓународната конференција „Одржлив пензиски систем – две децении прогрес“, организирана од Асоцијацијата на пензиски друштва, ноември 2025.
- Обуки во делот на сметководство и финанисии организирани од Проагенс и МСФИ консалтинг.
- Обука за сертифицирање за DORA LEAD MANAGER + NIS 2 LEAD IMPLEMENTER, организирана од Mobes Kvalitet.

Во текот на 2025 година се спроведоа 3 редовни годишни онлајн-обуки со цел подобра информираност на агентите. Опфатените теми во обуките беа за:

- спречување на перење на пари и финансирање на тероризам;
- инвестирање на фондовите;
- исплата на пензии и пензиски надоместоци;
- заштита на лични податоци;
- подигнување на свеста за информациска сигурност.

Во текот на 2025 година беа одржани три работни средби со агентите од мрежата на Комерцијална банка АД Скопје, со цел унапредување на меѓусебната соработка, зајакнување на синергијата и мотивирање на тимот за обезбедување поквалитетно и поефикасно услужување на членовите на пензиските фондови.

Почнувајќи од месец септември, беше воспоставен процес на редовни неделни состаноци со агентската мрежа на Шпаркасе банка АД Скопје, насочени кон унапредување на нивните знаења и вештини за советодавна поддршка, како и кон јакнење на продажната мрежа и подобрување на остварените продажни резултати.

Во месец јули, од страна на МАПАС беа отворени 5 испитни сесии, при што 26 лица успешно го положија испитот за агенти, за кои е започната постапка за регистрација во согласност со важечката регулатива.

# ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во сегментот на информатичката технологија, во текот на 2025 година се извршија повеќе активности од организационен и технички карактер, кои примарно имаа за цел да го унапредат начинот на управување со информатичката технологија на Друштвото, да ја зголемат безбедноста на податоците и ИТ- системите на Друштвото, како и да постават основа за понатамошно унапредување на дигиталните процеси на Друштвото во следниот период.

Беше усвоена „ИТ-стратегија на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје 2025-2027“, со цел да се постави рамка за зголемување на ефективноста и ефикасноста на информатичкиот систем на Друштвото и да придонесе во имплементација на нови и технолошки напредни решенија, во насока на унапредување и дигитализација на работните процеси.

Во делот на хардверот, Друштвото изврши инвестиции во нов уред за складирање податоци – дисков систем (Storage), нов уред за огнен ѕид (Firewall), како и во дополнителна мрежна опрема, со цел зголемена ефикасност и безбедност на системите и податоците на Друштвото.

Во делот на софтверот, Друштвото активно работеше на надградба и унапредување на постоечките решенија, со цел зголемување на дигитализираните процеси на Друштвото, како и воведување на автоматизиран процес на исплата на пензии.

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Во 2025 година Друштвото особено внимание посвети на усогласување со измените и дополнувањата на регулативата за заштита на личните податоци, односно беа ажурирани повеќе интерни акти од областа на заштита на личните податоци и беше донесена Методологија за проценка на ризикот на обработката на личните податоци. Во контекст на проектот за миграција на електронската пошта од внатрешен систем во систем на Cloud – Microsoft Office 365, беше спроведена проценка на влијанието на заштитата на личните податоци, како и проценка на влијанието врз приватноста и проценка на влијанието на преносот, за што беше известена и Агенцијата за заштита на личните податоци. Овој проект имаше за цел дополнително да ја зајакне безбедноста на податоците, поголема пристапност до податоците и одржување на интегритет на податоците.

Во текот на 2025 година од страна на овластеното лице за заштита на лични податоци редовно се вршеа месечни внатрешни проверки на воспоставениот систем за заштита на лични податоци во рамки на Друштвото, како и контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура на Друштвото, со цел обезбедување на највисокото ниво на безбедност на податоците. Дополнително, беа одржувани редовни обуки за заштита на личните податоци насочени кон подигнување на свеста кај вработените и агентите за важноста на преземањето на мерки и активности во насока на обезбедување тајност и заштита на личните податоци, со особено внимание на личните податоци на членовите на пензиските фондови, со кои доаѓаат во контакт при спроведување на активностите.

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на 2025 година, во различни периоди во Друштвото беа вработени меѓу 35 и 38 лица. На крајот на годината вработени се вкупно 38 лица, од кои 33 лица на неопределено време и 5 лица на определено време.

| Година 2025 | бр. на лица – вработени на неопределено време | бр. на лица – вработени на определено време | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 31.12.2025 | 33 | 5 | 38 |

## Организациска структура со состојба на 31.12.2025 година

- Собрание на акционери
  - Надзорен одбор (6) — Внатрешна ревизија (1)
    - Управен одбор (2)
      - Маркетинг и агентска мрежа (4)
        - Продажба (10)
      - Управување со ризици (2)
        - Информатика (3)
      - Сметководство и финансии (5)
        - Актуарски работи (1)
      - Управување со средства (3)
        - Администрирање на сметки (4)
      - Правни работи, човечки ресурси и секретаријат (1)
        - Усогласеност со прописи и СПП (2)

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во насока на континуирано стручно оспособување, Друштвото спроведува активности насочени кон проширување на знаењата и развој на компетенциите на вработените, со цел поефикасно извршување на работните задачи и зголемен придонес во работењето.

Стручното оспособување, усовршување и специјализација претставуваат систематски процес на професионален развој, кој се реализира преку различни форми на едукација, вклучувајќи советувања, конференции, работилници, стручни предавања, семинари, обуки и останати програми.

Учеството на вработените на вакви настани се овозможува врз основа на добиени понуди од релевантни консултантски куќи, економско-правни бироа, државни институции, како и врз основа на индивидуални иницијативи и предлози од страна на вработените.

Следејќи ги современите технолошки и организациски трендови, Друштвото препознава потреба од насочени специјализации на вработените, независно од нивото и степенот на образованието.

Покрај надворешните обуки се организираат и интерни обуки, согласно констатираните потреби од секојдневното работење на Друштвото.

Интерните обуки во текот на 2025 година се организираа од разни области на работење во Друштвото, вклучително и:

- обуки на вработените за преземање на мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам,
- обуки од областа на заштита на личните податоци,
- обуки од областа на исплата на пензии и пензиски надоместоци,
- обуки од областа на инвестирање на средствата на фондовите,
- обуки од областа на едукација на агентите и
- обуки од областа на информациска сигурност.

| Број на часови на спроведени обуки во текот на 2025 година | |
|---|---|
| Број на часови на интерни обуки | 517 |
| Број на часови на екстерни обуки | 324 |
| **Вкупен број на часови на спроведени обуки** | **841** |

**Структура на вработените според степен на образование на 31.12.2025**

| Степен на образование | Број | Удел (во %) |
|---|---|---|
| Магистерски студии и докторски академски студии | 6 | 15,8 |
| Универзитетски студии | 29 | 76,3 |
| Средно образование | 3 | 7,9 |
| **Вкупно** | **38** | **100,0** |

Во текот на 2025 година, образовната структура на вработените укажува на високо ниво на стручност и квалификуван кадар. Најголем дел од вработените, односно 76,3%, имаат завршено универзитетски студии, додека 15,8% поседуваат магистерски или докторски академски студии.

**Клучно: Високото ниво на образование претставува значајна основа за квалитетно, стручно и одговорно извршување на работните процеси во Друштвото.**

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## Стручни испити, сертификати и уверенија на вработените

| **Стручни испити/сертификати/уверенија на вработените во Друштвото со состојба на 31.12.2025** | **Број на вработени** |
|---|---|
| Уверение за регистриран агент за вршење на маркетинг активности за капитално финансирано пензиско осигурување | **35** |
| Стручен испит за инвестициско советување | **6** |
| Стручен испит за работење со хартии од вредност | **4** |
| Уверение за овластен сметководител | **3** |
| Уверение за сметководител | **2** |
| Меѓународен CEH сертификат | **1** |
| Меѓународен CCNA сертификат | **1** |
| Меѓународен ACCA сертификат | **1** |
| Лиценца за овластен актуар | **1** |
| Меѓународен CFA сертификат | **1** |
| Правосуден испит | **1** |
| Нотарски испит | **1** |
| Certified Data Protection Officer in General Data Protection regulation | **1** |
| ITIL v4 Foundation | **1** |
| ISO 27001:2013 – Lead/external Auditor for Information Security Management System | **1** |
| ECSA/LPT – Security Analyst and Licensed Penetration Tester | **1** |
| DORA LEAD MANAGER | **1** |
| NIS 2 LEAD IMPLEMENTER | **1** |
| Сертификат за дигитален маркетинг | **1** |

Во текот на 2025 година, вработените во Друштвото продолжуваат активно да вложуваат во професионален развој и стекнување специјализирани знаења. Покрај сертификатите и уверенијата поврзани со пензиско осигурување, инвестиции и сметководство, застапени се и меѓународни сертификати од областа на информациска безбедност, заштита на личните податоци и финансии.

**Клучно: Континуираното унапредување на стручните компетенции придонесува за зајакнување на професионалниот капацитет и институционалната стабилност на Друштвото.**

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### Структура на вработени во Друштвото по возраст за 2025 година

| Возрасна група | Број на лица | Удел (во %) |
|---|---|---|
| 20-25 | 3 | 7,9 |
| 26-30 | 6 | 15,8 |
| 31-35 | 2 | 5,3 |
| 36-40 | 10 | 26,3 |
| 41-45 | 10 | 26,3 |
| 46-50 | 5 | 13,1 |
| 51-55 | 2 | 5,3 |

**Просечна возраст: ~38,4 години**

Во 2025 година, возрасната структура на вработените останува добро избалансирана, со просечна возраст од околу 38,4 години. Најголема застапеност имаат вработените во возрасните групи од 36 до 45 години, кои претставуваат клучен носител на професионално искуство и оперативна стабилност.
**Клучно: Возрасната структура обезбедува соодветен баланс меѓу искуството, професионалната зрелост и развојниот потенцијал.**

### Структура на вработени во Друштвото според пол за 2025 година

| Пол | Број | Удел (во %) |
|---|---|---|
| Женски | 21 | 55,3 |
| Машки | 17 | 44,7 |
| **Вкупно** | **38** | **100,0** |

Во 2025 година, Друштвото одржува балансирана полова застапеност, при што 55,3% од вработените се жени, а 44,7% мажи. Ваквата распределба придонесува за рамноправна застапеност во работната средина.
**Клучно: Друштвото континуирано поттикнува инклузивна и професионална работна средина заснована на еднакви можности.**

### Структура на вработени според должина на работен стаж со состојба на 31.12.2025

| | Вкупен работен стаж | | Работен стаж во Друштвото | |
|---|---|---|---|---|
| Должина на работен стаж | Број на вработени | Удел (во %) | Број на вработени | Удел (во %) |
| Од 0 до 5 години | 9 | 23,7 | 19 | 50 |
| Од 6 до 10 години | 5 | 13,2 | 7 | 18,4 |
| Од 11 до 15 години | 7 | 18,4 | 3 | 7,9 |
| Над 15 години | 17 | 44,7 | 9 | 23,7 |
| **Вкупно** | **38** | **100,0** | **38** | **100,0** |

Податоците за работниот стаж укажуваат на поволна комбинација на долгогодишно професионално искуство и кадар со понов ангажман во Друштвото. Во однос на вкупниот работен стаж, најголем дел од вработените (44,7%) имаат над 15 години работно искуство, што претставува значајна основа за стабилност и континуитет во работењето.
Истовремено, според работниот стаж во Друштвото, 50% од вработените имаат до 5 години стаж, што укажува на постепено кадровско обновување и интеграција на нови вработени во организацијата.
**Клучно: Комбинацијата на искусен кадар и вработени со понов стаж во Друштвото придонесува за ефикасен пренос на знаење, организациска стабилност и континуиран развој на човечките ресурси.**

## Корпоративно управување

Корпоративното управување на Друштвото се темели врз правилата на управување и надзор, утврдени со Кодексот за добро корпоративно управување на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, донесен од страна на Управниот одбор, а одобрен од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.

Согласно Кодексот, корпоративно управување претставува збир на правила со кои се уредуваат начинот, постапките и процесите преку кои органите на надзор и управување, лицата со посебни овластувања и одговорности и раководните лица во Друштвото донесуваат одлуки во врска со управувањето на Друштвото, КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје и начинот на кој се следи имплементацијата на тие одлуки. Целта на доброто корпоративно управување на Друштвото е обезбедување одговорност и транспарентност во работењето на Друштвото, создавање доверба меѓу органите на надзор и управување и заинтересираните субјекти, особено членовите на пензиските фондови и подобрување на ефикасноста на работењето на Друштвото и пензиските фондови. Надзорниот и Управниот одбор на Друштвото се одговорни за воспоставување на структурата на корпоративното управување на Друштвото.

Во текот на 2025 година, согласно овластувањата, одговорностите и ангажираноста за членовите на Надзорниот одбор беа исплатени надоместоци за учество на седници, за членовите на Управниот одбор и за раководните лица беа исплатени плати, надоместоци на плата, награда за успешност и други издатоци во бруто износ од 30.479.412,00 денари.

## Органи на Друштвото

За избор или реизбор на член на Надзорен и Управен одбор на Друштвото се спроведува постапка која е уредена со законска и подзаконска регулатива, а изборот подлежи на одобрување од страна на Агенцијата за супервизија на КФПО – МАПАС. Бројот на членови, критериумите, начинот за избор и мандатот на Надзорниот и Управниот одбор се уредени со Статутот на Друштвото. Начинот на работа, свикување и одржување на седници на Надзорниот и Управниот одбор детално се уредува со Деловникот за работа на Надзорниот одбор на Друштвото и Деловникот за работа на Управниот одбор на Друштвото. Нивниот состав и начинот на работа треба да обезбеди независно, автономно, самостојно и слободно изразување на ставовите и мислењата на секој член.
Во текот на 2025 година, органите на управување на Друштвото ги вршеа своите активности согласно законските прописи и Статутот на Друштвото:

**Собранието на акционери** во 2025 година одржа 1 седница. На седницата на Собранието, одржана на 28.03.2025 година, беа усвоени редовните годишни извештаи и Годишната сметка на Друштвото.

Собранието на Друштвото го свикува Управниот одбор на Друштвото, односно Надзорниот одбор кога тоа е предвидено со закон, по сопствена иницијатива или по барање на акционер во согласност со закон.



# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**Надзорниот одбор на Друштвото** во 2025 година одржа вкупно 4 седници.

Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието на акционери на Друштвото, кои по изборот треба да бидат одобрени од страна на Агенцијата – МАПАС. Надзорниот одбор брои 6 (шест) члена, од кои најмалку една четвртина од членовите мора да бидат независни членови.

Од редот на членовите на Надзорниот одбор, членовите избираат претседател на Надзорниот одбор, кој ги свикува и претседава со седниците на Надзорниот одбор. Во отсуство и спреченост, претседава член на Надзорниот одбор избран од страна на присутните членови на седницата, кој ќе го заменува претседателот. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 4 (четири) години.

Надзорниот одбор одржува најмалку четири редовни состаноци годишно и тоа на секои три месеци во текот на годината.

Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно врши оценка на работењето на Управниот одбор на Друштвото која се состои од оценка на:

- Постигнување на стратешките цели на Друштвото;
- Спроведување на деловниот план и програма за работа на Друштвото и пензиските фондови;
- Спроведување на инвестициските стратегии на пензиските фондови;
- Структура и функционирање на системите на внатрешна контрола и управување со ризици;
- Примена на интерните правила и процедури;
- Квалитет на процесите за финансиско известување;
- Усогласеност на работењето на членовите на Управниот одбор со законите и подзаконските акти.

**Управниот одбор на Друштвото** своето работење го остваруваше на редовни седници, кои се одржуваат еднаш неделно, односно не помалку од двапати во месецот. Во текот на 2025 година Управниот одбор одржа вкупно 51 седница (48 редовни и 3 вонредни седници).

Во 2025 година Управниот одбор на Друштвото беше составен од 2 члена во континуитет. Членовите на Управниот одбор го застапуваат Друштвото во односите со трети лица. Мандатот на членовите на Управниот одбор е 4 (четири) години.

Управниот одбор на Друштвото определува раководни лица во Друштвото и го надгледува нивното работење. Управниот одбор најмалку еднаш годишно врши оценка на работењето на секој вработен и работно ангажиран во Друштвото.

## УПРАВЕН ОДБОР

### Г-ѓа Весна Стојановска

претседател и член на Управен одбор и генерален директор на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

**Стручен профил:**

- Дипломиран економист во делот на финансиско-сметководствен менаџмент
- Меѓународен ACCA (Association of Chartered Certified Accountants) сертификат
- Уверение за овластен сметководител – Министерство за финансии на РС Македонија
- Стручен испит за инвестициско советување – Комисија за хартии од вредност на РС Македонија
- ATF – Luxembourg - Credit Assessment and Credit Management Certificate

### Г-дин Иван Стојановиќ

член на Управен одбор и втор генерален директор на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје

**Стручен профил:**

- Дипломиран економист во делот на финансиски менаџмент
- Стручен испит за работење со хартии од вредност – Комисија за хартии од вредност на РС Македонија
- Сертифициран менаџер за кредитен ризик – „Erste Group Bank“.

**Инвестицискиот одбор** е советодавно стручно тело избрано од Управниот одбор кое врз основа на движењата и состојбите на финансискиот пазар и анализа на финансиските инструменти, даваше предлози на Управниот одбор за инвестирање на средствата на пензиските фондови во одделни финансиски инструменти.

Друштвото ги инвестираше средствата на членовите на пензиските фондови во согласност со строго дефинирани правила и принципи и супервизија вршена од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, додека Чуварот на имот ги чува средствата на фондовите одвоено од средствата на Друштвото.

Одговорен за донесување и спроведување на одлуките за инвестирање на средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд е Управниот одбор на Друштвото. Лицата вклучени во процесот на инвестирање на средствата на пензиските фондови при носење на инвестициските одлуки ги земаа предвид советите и препораките дадени од одговорното лице за управување со ризици. Друштвото има посебен Сектор за управување со средства кој директно ги спроведуваше одлуките на Управниот одбор на Друштвото.

Во текот на 2025 година, беа одржани вкупно 15 состаноци на Инвестицискиот одбор на Друштвото за КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд и 12 состаноци за КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд.

## Примена на Кодексот за добро корпоративно управување на Друштвото

Со Кодексот на Друштвото се утврдени правила за добро корпоративно управување кои Друштвото ги применува во своето секојдневно работење, со цел обезбедување одговорност и транспарентност и создавање доверба кај членовите и пензионираните членови на пензиските фондови.

Друштвото има воспоставено ефикасен систем на внатрешни контроли, систем за управување со ризици, систем за контрола на усогласеноста на работењето со регулативатата, како и систем за прием и решавање на поплаки.

Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор и раководните лица во Друштвото имаат фидуцијарна должност да работат единствено во интерес на членовите и пензионираните членови на пензиските фондови. Во текот на 2025 година оваа должност ја спроведуваа со примена на високи стандарди на етика и интегритет, без судир на интереси и обезбедија нејзина примена од страна на секој вработен и работно ангажиран во Друштвото.

Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, лицата со посебни овластувања и раководните лица во Друштвото, при управувањето и контролата на инвестирањето на средствата на пензиските фондови применуваа степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства. Надзорниот одбор во текот на 2025 година континуирано се запознаваше со целокупното работење на Друштвото преку разгледување и усвојување на извештаи, политики, интерни акти и други документи кои се доставуваа на редовните состаноци.

# ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Во текот на 2025 година, внатрешниот ревизор спроведе шест ревизорски ангажмани кои беа согласно Годишниот план за ревизија за 2025 година со што во целост го реализираше истиот. Во текот на спроведувањето на своите активности, внатрешниот ревизор во целост ја задржа својата непристрасност и независност во своите проценки постапувајќи единствено во најдобар интерес на членовите на фондовите. За извршените ревизорски ангажмани, внатрешниот ревизор предложи препораки за унапредување на контролната средина, корпоративното управување и управувањето со ризиците и континуирано ја следеше имплементацијата на истите.

# УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Изминатата година беше уште една година во која бизнисите се соочија со значајни геополитички настани. Во 2025 година, геополитичките шокови како ескалацијата на трговските тензии меѓу САД и Кина, конфликтот Русија – Украина и засилени од популистичките политики, деглобализацијата, енергетската несигурност создадоа исклучително сложена бизнис-клима. Секторот за управување со ризици ги следеше ваквите случувања, но реагираше со дисциплина и доследност во работењето. Имајќи ја предвид фидуцијарната должност, при извршување на сите активности на прво место беа ставени интересите на членовите и пензионираните членови на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд.

Во текот на 2025 година Секторот за ризици ги идентификува ризиците за 2026 година. Во Книгата на ризици редовно доставуваше месечни извештаи за ризици, извештаи за следење на лимити, анализа на атрибуција на ризици и атрибуција на приноси до членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор на Друштвото. Секторот за управување со ризици го подготви делот за управување со ризици во Инвестициската тактика за 2026 година и активно учествуваше во проценката на ризикот од инвестирање на секој финансиски инструмент во кој беа инвестирани средствата на фондовите.

На дневна основа континуирано се следеше структурата на портфолијата на фондовите со кои управува Друштвото во однос на законски дефинираните лимити за инвестирање, како и во однос на ограничувањата предвидени со Инвестиционата политика на фондовите. За сите отстапувања од дефинираните лимити во текот на 2025 година, навремено беа доставени известувања до членовите на Управниот одбор и Инвестицискиот одбор.

Секторот за управување со ризици континуирано работи на унапредување на функцијата за управување со ризици со цел намалување на ризиците во управувањето и остварување на целите на Друштвото. Унапредувањето на искуствата и инвестирањето во човечки капитал продолжи во различни форми, вклучувајќи учество на конференции и обуки што е од особено значење за натамошен развој.

# УСОГЛАСЕНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО СО ПРОПИСИТЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Во текот на 2025 година, Друштвото активно ги следеше измените во законската и подзаконската регулатива, со цел да го усогласи своето работење со истите, како и да обезбеди транспарентност со цел членовите да имаат јасни и точни информации за перформансите и работењето на Друштвото. Како клучни промени кои имаа значително влијание врз работењето на Друштвото, може да се издвојат Правилници донесени од страна на МАПАС, како и нов Правилник за безбедност на обработката на лични податоци.

Беше донесен и нов Закон за безбедност на мрежни и информациски системи за чија практична примена се очекува да се донесат подзаконски акти и да се објават Листи на важни и суштински субјекти кои треба да го применуваат овој закон.

Од аспект на спречување перење пари и финансирање на тероризам, Друштвото ги презеде сите неопходни мерки за превенција на потенцијални незаконски активности, со цел обезбедување целосна заштита на средствата на членовите.



# МРЕЖА НА ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ДРУШТВОТО
## – СОСТОЈБА 31.12.2025

| р.б | Деловен соработник | продажно место | адреса | телефон | одговорно лице/негова замена на продажното место согласно Договор за деловна соработка |
|---|---|---|---|---|---|
| | / | КБ Прво пензиско друштво АД Скопје | Ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 6, Скопје | 02 3243 777 | Сузана Б. Златаревска |
| 1 | Комерцијална банка АД Скопје | Централа – КБ2 | Ул. „Васил Иљоски“ бр. 1, Скопје | 02 3 168 168 | Тања Алексовска/Јулијана Ангеловска |
| 2 | Комерцијална банка АД Скопје | Централа – КБ1 | Ул. „Васил Иљоски“ бр. 3, Скопје | 02 316 8950 | Јованка Алкушовска |
| 3 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Драчево | Ул. „Иван Хаџи Николов“ бр. 12, Скопје | 02 3169 809 | Катерина Ажиеска |
| 4 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Велес | „8 Септември“ бр. 59/1 | 02 3167 585 | Надица Амбаркова-Трајковска/Марија Зафирова |
| 5 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Кочани | „Кеј на Револуцијата“ бр. 1, Кочани | 02 3167 383 | Александар Јосевски/Слаџана Рашкова |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Охрид | „Партизанска“ бр. 24, Охрид | 02 3167 402 | Валентина Јолеска-Тримче/Наташа Манева-Пројческа |
| 7 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Прилеп | „Мице Козар“ бр. 1А, Прилеп | 02 3167 510 | Игор Димовски/Влатко Неделкоски |
| 8 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Штип | „Маршал Тито“ бр. 10, Штип | 02 3167 522 | Роберт Плешков/Марина Штерјова |
| 9 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Неготино | „Маршал Тито“ бр. 128, Неготино | 02 3167 288 | Костадин Илкачев |
| 10 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Кавадарци | „Маршал Тито“ бр. 14 Б, Кавадарци | 02 3167 366 | Валентина Иванова/Лиле Гечева |
| 11 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Тетово | „Видое Смилевски-Бато“ бр. 60, Тетово | 02 3167 399 | Ивана Стојчевска-Матовска/Лидија Ацовска |
| 12 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Гевгелија | „Гевгелиски партизански одреди“ бр. 4/2-1, Гевгелија | 02 3167 306 | Оливера Брзилова/Сашко Дуев |
| 13 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Делчево | Бул. „Македонија“ бр. 45, Делчево | 023 167 280 | Дејан Георгиевски/Сања Георгиевска |
| 14 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Кичево | Бул. „Ослободување“ б.б. Кичево | 02 3167 595 | Марина Ристевска-Спасеновска |
| 15 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Гостивар | „Гоце Делчев“ бр. 89, Гостивар | 02 3167 350 | Ќира Горѓиевска/Ирена Каркинска |
| 16 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Радовиш | „22 Октомври“ бр. 19/2, Радовиш | 02 3167 311 | Ели Газепова-Ристенов |
| 17 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Битола | „Никола Тесла“ бр. 18, Битола | 02 3167 444 | Милена Јанкуловска/Далибор Трајков |
| 18 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Ѓорче Петров | Ул. „Ѓорче Петров“ бр. 7 | 02 316 9267 | Ана Цветковска/ Светлана Ѓорѓиевска |
| 19 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Скопјанка | Бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 15, Скопје | 02 316 9266 | Лолита Миленкова/Ана Балуковска |
| 20 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Јане Сандански | „Јане Сандански“ бр. 69, Скопје | 02 316 9298 | Тамара Грозданова/Елена Бошкоска |
| 21 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Бисер | Ул. „Јане Сандански“ бр. 26, Скопје | 02 316 9319 | Ангела Ивановска/Слаѓана Манојловска |

# МРЕЖА НА ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ДРУШТВОТО
## – СОСТОЈБА 31.12.2025

| р.б | Деловен соработник | продажно место | адреса | телефон | одговорно лице/негова замена на продажното место согласно Договор за деловна соработка |
|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Сити мол | Ул. „Љубљанска“ бр. 4, Скопје | 02 3093-161 | Дејана Кузевска-Бубало |
| 23 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Куманово | Плоштад „Маршал Тито“ бр. 12, Куманово | 02 3167 321 | Ана Цекова-Блажевска/Весна Јаневиќ |
| 24 | Комерцијална банка АД Скопје | Филијала Струмица | „Маршал Тито“ бр. 16, Струмица | 02 3167 557 | Ристе Калев |
| 25 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Капиштец | Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 17 | 02 316 9272 | Верица Симовска |
| 26 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Лептокарија | „Партизанска“ бр. 62/2 лок.15, Скопје | 02 3 070 577 | Емилија Сидовска/Ивана Павлоска |
| 27 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Буњаковец | Бул. „Партизански одреди“ бр. 27А, Скопје | 02 3228 516 | Елена Стојанова |
| 28 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Автокоманда | Ул. „16 Македонска бригада“ бр. 2а, Скопје | 02 316 9322 | Александра Чорбаџиева |
| 29 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Струга | Ул. „Пролетерски бригади“ бр. 44, Струга | 02 3 167 316 | Радмила Костоска |
| 30 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Ново Лисиче | Ул. „Видое Смилевски-Бато“ бр. 2а | 02 3169 817 | Олгица Дуковска/Марија Петрушевска |
| 31 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Бутел | Ул. „Бутелска“ б.б. лок. 147 и лок. 148 | 02 3169-805 | Марија Андовска |
| 32 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура 11 Октомври | Ул. „Сава Ковачевиќ“ бр. 11, Скопје | 02 3169 800 | Ирина Попова |
| 33 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Илинден | Ул. 531 бр. 9, н.м. Марино | 02 3167 204 | Марија Даниловска-Јосифоски |
| 34 | Комерцијална банка АД Скопје | Експозитура Ресен | Ул. „Цар Самоил“ 22а, Ресен | 02 316 299 | Ивана Табаковска |
| 1 | Шпаркасе Банка АД Скопје | Експозитура Неготино | Ул. „Ацо Аџи Илов“ бр. 10 | +389 (0)43 365 178 | Бенита Ангелова/Ристе Бојков |
| 2 | Шпаркасе Банка АД Скопје | Експозитура Гевгелија | Ул. „Димитар Влахов“ бр. 7/3 | 389 (0)34 218 464 | Жаклина Стојанова/Викторија Радовиќ |
| 3 | Шпаркасе Банка АД Скопје | Експозитура Струга | Ул. „Пролетерска бригада“ бр. 20 | 389 (0)46 784 260 | Вера Добреска/Билјана Попоска |
| 4 | Шпаркасе Банка АД Скопје | Охрид - Централа | Бул. „Македонски просветители“ бр. 19 | 389 (0)46 231 161 | Ирена Милеска/Александра Јаневска |
| 5 | Шпаркасе Банка АД Скопје | Експозитура Кочани | Ул. „Маршал Тито“ бр. 11/1 | 389 (0)33 271 355 | Билјана Димитрова-Горгиева/Весна Сенесова |
| 6 | Шпаркасе Банка АД Скопје | Експозитура Ресен | Ул. „Јосиф Јосифовски“ б.б. | 389 (0)33 444 496 | Жанета Илиевска/Ивона Каранфиловска-Кукуловска |
| 7 | Шпаркасе Банка АД Скопје | Експозитура Куманово | Ул. „Доне Божинов“ бр. 9 | 389(0)31 411 833 | Драганче Бојковски/Силвана Денчевска |
| 8 | Шпаркасе Банка АД Скопје | Експозитура Тетово | Ул. „Илинденска“ бр. 1 | 389(0)44 353 700 | Анета Јаневска-Евгениевска/Теодора Урошевиќ |
| 9 | Шпаркасе Банка АД Скопје | Експозитура Аеродром 2 | Ул. „Фрањо Клуз“ бр. 1, Скопје | (02) 2400-267 | Драгана Кичукова/ Сузана Христова |

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) (02) 3224 229
**www.mapas.mk**

Лектор: Каролина Накова